Службен гласник
на Општина Валандово

Број 11 03.11.2026, вторник

www.valandovo.gov.mk

С О Д Р Ж И Н А

Градоначаник на Општина Валандово

Совет на Општина Валандово:

1. Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 30.09.2026 година..... 2

2. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 30.09.2026 година..... 2

3. Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за процена на штети од елементарна непогода настаната како последица на силно невреме проследено со врнежи од дожд и град, грмежи и силен ветер кое го зафати подрачјето на Општина Валандово на ден 24.06.2026 година 2

4. Заклучок за усвојување на Елаборат за процена на штети од елементарна непогода настаната како последица на силно невреме проследено со врнежи од дожд и град, грмежи и силен ветер кое го зафати подрачјето на Општина Валандово на ден 24.06.2026 година..... 3

5. Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиска помош за лекување во Русија на Филип Марковиќ од с.Марвинци, Валандово..... 3

6. Одлука за одобрување финансиска помош за лекување во Русија на Филип Марковиќ од с.Марвинци, Валандово..... 3

7. Решение за објавување на Одлука за донесување на измена и дополна на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово..... 3

8. Одлука за донесување на измена и дополна на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово..... 3

9. Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година..... 4

10. Програма за изменување и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година..... 4

11. Решение за објавување на Одлука за определување на широчината на заштитен крајбрежен појас на водотекот во опфатот на измена и дополна на одобрена планска документација за урбанистички за урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс “Еурохормонес ДОО” измени и дополнување во атар на КО Раброво, Општина Валандово..... 4

12. Одлука за определување на широчината на заштитен крајбрежен појас на водотекот во опфатот на измена и дополна на одобрена планска документација за урбанистички за урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс “Еурохормонес ДОО” измени и дополнување во атар на КО Раброво, Општина Валандово..... 4

13. Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година..... 5

14. Заклучок за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година..... 5

15. Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Социјален план на Општина Валандово (2026 година - 2030 година)..... 6
16. Заклучок за усвојување на Социјален план на Општина Валандово (2026 година - 2030 година)..... 6
17. Решение за објавување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на проектот „Реконструкција на Општинската зграда и ЈОУ Дом на култура 25-ти Мај во Општина Валандово со спроведување намерки за енергетска ефикасност“..... 6
18. Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на проектот „Реконструкција на Општинската зграда и ЈОУ Дом на култура 25-ти Мај во Општина Валандово со спроведување намерки за енергетска ефикасност“..... 6
19. Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на „ЖФК Победа Валандово 16“ Валандово за организиција и реализација на настан по повод 10 години постоење..... 7
20. Одлука за одобрување финансиска поддршка на „ЖФК Победа Валандово 16“ Валандово за организиција и реализација на настан по повод 10 години постоење..... 7
21. Решение за објавување на Одлука за поништување на Одлуката за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на Општина Валандово..... 7
22. Одлука за поништување на Одлуката за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на Општина Валандово..... 7

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 30.09.2026 година

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 30.09.2026 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/2 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 31.10.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 30.09.2026 година

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 30.09.2026 година, на вкупно остварени приходи од 236.237.434 денари односно 69,56 % од планираните приходи и на реализирани расходи од 213.296.620 денари, односно 67,67 % од планираните расходи.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-192/2 Совет на Општина Валандово
30.10.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за процена на штети од елементарна непогода настаната како последица на силно невреме проследено со врнежи од дожд и град, грмежи и силен ветер кое го зафати подрачјето на Општина Валандово на ден 24.06.2026 година

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Елаборат за процена на штети од елементарна непогода настаната како последица на силно невреме проследено со врнежи од дожд и град, грмежи и силен ветер кое го зафати подрачјето на Општина Валандово на ден 24.06.2026 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/3 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Советот на Општина Валандово, на петнаесетта редовна седница одржана на 30.10.2026 година, расправаше по Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 24.06.2026 година, при што согласно член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 24.06.2026 година

1. СЕ УСВОЈУВА Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 24.06.2026 година.

2. Елаборатот да се достави до сите надлежни институции за постапување по истиот.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-192/3 Совет на Општина Валандово
30.10.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за одобрување финансиска помош за лекување во Русија на Филип Марковиќ од с.Марвинци, Валандово

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување финансиска помош за лекување во Русија на Филип Марковиќ од с.Марвинци, Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/4 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр. 202/2024), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, советот на Општина Валандово, на петнаесетата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување финансисика помош за лекување на Филип Марковиќ од с. Марвинци, Општина Валандово

Член 1

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во нето износ од 60.000,00 денари, финансиска помош на Филип Марковиќ од с. Марвинци, Општина Валандово, за покривање на трошоци за лекување во странство.

Член 2

Исплатата на одобрените средства да се изврши од програмата АО- Совет на општина, ставка 464- разни трансфери подставка 464990- други трансфери, на име Љупчо Марковиќ со ЕМБГ 2403995463002, број на сметка 200002771713106 депонент Стопанска Банка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Валандово.”

Бр.08-192/4 Совет на Општина Валандово
30.10.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за донесување на измена и дополна на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донесување на измена и дополна на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/5 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа член 20 став 3 точка 2 и член 28 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ” бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25“), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002”) и член 21 став 1, точка 7 и член 45 и 47 став 1 од Статутот на

Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на петнаесетата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година, донесе:

О Д Л У К А

за донесување на Измена и дополна на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово.

Член 1

Со оваа Одлука донесува измена и дополна на **Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово**, со технички број 136/2023 од Септември 2026 година, изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија.

Член 2

Се задолжува Градоначалникот на Општина Валандово, да постапи согласно член член 52 Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25").

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-192/5 Совет на Општина Валандово
30.10.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програма за изменување и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година

СЕ ОБЈАВУВА Програма за изменување и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/6 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 79, став 2 од Законот за градење ("Сл.весник на РМ" бр. 103/2009, 124/2010, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и "Сл. Весник на РСМ бр.244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25"), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002 и "Сл. Весник на РСМ бр.202/24"), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на петнаесетата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година донесе

П Р О Г Р А М А

за изменување и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година

Член 1

Во програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година, донесена со Одлука на Совет на Општина Валандово број: 08-185/13 од 26.12.2025 година објавена во Службен Гласник на Општина Валандово број 19/28 објавен на 02.01.2026 година во точка Б, подточка Б-8 зборовите „, со максимална големина до 16 м^2" се бришат

Член 2

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-192/6 Совет на Општина Валандово
30.10.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за определување на широчината на заштитен крајбрежен појас на водотекот во опфатот на измена и дополна на одобрена планска документација за урбанистички за урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс "Еурохормонес ДОО" измени и дополнување во атар на КО Раброво, Општина Валандово

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на широчината на заштитен крајбрежен појас на водотекот во опфатот на измена и дополна на одобрена планска документација за урбанистички за урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс "Еурохормонес ДОО" измени и дополнување во атар на КО Раброво, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/7 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 131, став (2), точка 3 од Законот за водите (Сл.Весник на РМ 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово му предлага на Советот на Општина Валандово да донесе:

О Д Л У К А

за определување на широчината на заштитен крајбрежен појас на водотекот во опфатот на измена и дополна на одобрена планска документација за урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс „Еурохормонес ДОО“ измена и дополнување во атар на КО Раброво, Општина Валандово

Член 1

Со оваа одлука се определува широчината на заштитен крајбрежен појас на суводолица во опфатот на на измена и дополна на одобрена планска документација за урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс „Еурохормонес ДОО“ измена и дополнување во атар на КО Раброво, Општина Валандово, согласно Основен проект за девијација и регулација на речното корито на Сува Река, со технички број 104/19 изработен од ДИК Чакар Партнерс ДОО Скопје, заради заштита и одржување на речното корито и бреговите на водотекот.

Член 2

Суводолицата се дефинира со мајор корито со трапезен попречен профил со широчина на основа на дно од 4,0 м, широчина на основа на врв од 7,0 м и длабочина од 1,0м. Наклонот на страните на попречниот профил е предвиден како сооднос 1:1,5. На Водотекот се дефинира заштитен појас од 20,0 м лево и десно од предвиденият Правоаголен профил на мајор коритото.

Член 3

Регулацијата на суводолицата во планскиот опфат на измена и дополна на одобрена планска документација за урбанистички план за вон населено место за стопански комплекс „Еурохормонес ДОО“ измена и дополнување во атар на КО Раброво, Општина Валандово започнува од точка Т1 (Х 4 575 759,76; У 7 634 382,56) и завршува на точка Т2 (Х 4 575 341,34; У 7 634 382,56).

Член 4

Составен дел на оваа одлука се: Основен проект за девијација и регулација на речното корито на Сува Река, со технички број 104/19 изработен од ДИК Чакар Партнерс ДОО Скопје, заради заштита и одржување на речното корито и бреговите на водотекот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Валандово.

Бр.08-192/7 Совет на Општина Валандово
30.10.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/8 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за Јавните претпријатија („Службен весник на РМ” бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ” 275/19, 83/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), член 62 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за давање согласност на Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2026 година до 30.09.2026 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово го има усвоено со Одлука бр.02-739/2 од 26.10.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-192/8 Совет на Општина Валандово
30.10.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучок за усвојување на Социјален план на Општина Валандово (2026 година - 2030 година)

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Социјален план на Општина Валандово (2026 година - 2030 година), што Советот на Општина Валандово го донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/9 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24,) а врз основа на член 142 од Законот за социјална заштита на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23, 32/24 и 192/25), Советот на Општина Валандово, на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Социјален план на Општина Валандово 2026-2030

1. СЕ УСВОЈУВА Социјалниот план на Општина Валандово 2026-2030 година.

2. Социјалниот план на Општина Валандово содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-174/8 Совет на Општина Валандово
30.10.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на проектот „Реконструкција на Општинската зграда и ЈОУ Дом на култура 25-ти Мај во Општина Валандово со спроведување намерки за енергетска ефикасност“

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на проектот „Реконструкција на Општинската зграда и ЈОУ Дом на култура 25-ти Мај во Општина Валандово со спроведување намерки за енергетска ефикасност“, што Советот на Општина Валандово ја донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/10 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 и 202/24) и член 21 став 1 точка 43, член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, а во врска со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП), Советот на Општина Валандово на петнаесеттата редовна седница одржана на 30.10.2026 година донесе

О Д Л У К А

за сопствено учество (кофинансирање) на проектот „Реконструкција на Општинската зграда и ЈОУ Дом на култура 25-ти Мај во Општина Валандово со спроведување намерки за енергетска ефикасност“

Член 1

Советот на Општина Валандово дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) за реализација на проектот „Реконструкција на Општинската зграда и ЈОУ Дом на култура 25-ти Мај во Општина Валандово со спроведување намерки за енергетска ефикасност“.

Член 2

Средствата за реализација на проектот „Реконструкција на Општинската зграда и ЈОУ Дом на култура 25-ти Мај во Општина Валандово со спроведување намерки за енергетска ефикасност“, се обезбедени од договорот за под-заем и грант бр.09/2025 склучен помеѓу Министерство за финансии и Општина Валандово со број 3311362/1 од 29.12.2025 година и број 09-1342/11 од 30.12.2025 година во рамки на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска Банка.

Член 3

Општина Валандово ќе кофинансира средства од Буџетот на општината доколку за реализација на проектот се надмине вредноста која е финансирана со

средства од Договорот за под-заем и грант со Министерството за финансии.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-192/10 Совет на Општина Валандово
30.10.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на „ЖФК Победа Валандово 16“ Валандово за организиција и реализација на настан по повод 10 години постоење

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување финансиска поддршка на „ЖФК Победа Валандово 16“ Валандово за организиција и реализација на настан по повод 10 години постоење, што Советот на Општина Валандово ја донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/11 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на петнаесеттата редовна седница одржана на ден 30.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиска поддршка на „ЖФК Победа Валандово 16“ Валандово за организиција и реализација на настан по повод 10 години постоење

Член 1

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во нето износ од 30.000,00 денари, финансиска поддршка на „ЖФК Победа Валандово 16“ Валандово, за организација и реализација на настан по повод 10 години постоење на клубот.

Член 2

Исплатата на одобрените средства да се изврши од Програма АО-Совет на општина, ставка 463 трансфери до невладини организации, подставка 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на „ЖФК Победа Валандово 16“ Валандово, со ЕДБ 4003016502972, број 210071349240146, депонент НЛБ Банка АД Скопје.

Член 3

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-192/11 Совет на Општина Валандово
30.10.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за поништување на Одлуката за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на Општина Валандово

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за поништување на Одлуката за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година.

Бр.09-1262/12 Градоначалник
02.11.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на петнаесеттата редовна седница, одржана на ден 30.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за поништување на Одлуката за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на Општина Валандово

Член 1

Со оваа Одлука се поништува Одлуката за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на Општина Валандово бр.08-95/14 од 30.08.2023 година усвоена од Советот на Општина Валандово на дваесет и шеттата редовна седница.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престануваат да важат правните дејства што произлегуваат од Одлуката за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на Општина Валандово.

Член 3

Се задолжуваат надлежните општински служби и Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово да постапат согласно со оваа одлука и да ги преземат потребните активности во рамките на своите надлежности.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-192/12
30.10.2026 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова